CIVICA mobilitas

...towards common values!

МКЦ

**Младински**Културен
**Центар**-Битола

# *Избери Образование !*



***Неформално образование - иновации во учењето***

www.mkcbt.org.mk

*„Образованието е најмоќното оружје што може да се употреби за да се смени светот" - Нелсон Мандела*

***Што е неформално образование?***
***Која е разликата меѓу формалното и неформалното образование, а која меѓу неформалното и информалното образование?***

***Дефинициите на видовите образование во Република Македонија се движат во следните рамки:***

- **Формалното образование претставува образовен процес кој најчесто е насочен кон когнитивен развој и добивање квалификации во одреден временски рок. Формалното образование најчесто е од обврзувачки карактер и за него се добиваат признаени сертификати и дипломи.**

- **Неформалното образование го опфаќа секој облик на организирано учење на доброволна основа, најчесто без добивање признаени сертификати.**

- **Информалното образование претставува група непланирани образовни процеси, кои се случуваат секојдневно, во семејството, на работното место, или во слободното време на секој поединец.**

**Потребите за она што треба да се стекне со образованието се менуваат со забрзаниот развој на науката и технологијата, како и на социјалните и економските промени. Формалното образование не успеа да ги прати овие промени, па веќе во доцните 60-ти и 70-ти години на дваесеттиот век на сцена стапува неформалното образование. Тоа се одвива надвор од формалниот образовен систем, како надополнување на формалното образование, но не и како негова спротивност. УНЕСКО во 1972 година го дефинира како: „организирана едукативна активност, надвор од формалниот систем, која има за цел да ги задоволи потребите на корисниците, но и целите на учењето“.**



***Избери Образование !***

***Квалитетно учење во рамките на неформалното образование, кое се одвива најчесто надвор од традиционалните училишни установи, е можно кога постои:***

- Јасно дефинирана рамка според која се работи
- Програма прилагодена на целната група
- Јасно дефинирани цели
- Флексибилност на програмата
- Доброволно учество, независно од годините, искуството, претходното образование...
- Обучен, компетентен обучувач (едукатор, фасилитатор)
- Интерактивен, хоризонтален однос помеѓу обучувачот и сите учесници
- Размена на искуства и вештини, учење низ пракса, така што оние кои учат стануваат центар на сопствениот процес на учење и го доживуваат учењето како дел од себе, а не како наметнато од страна.



**_Неформално образование нуди мноштво на едукативни програми кои можат да се сместат во две широки категории:_**

- Образовни програми (за стекнување на различни знаења и вештини)
- Воспитни програми (учење на ставови и позитивни животни вредности)

**_Овие програми се наменети за најразлични целни групи:_**

- За  оние за кои тоа е единствено можно и единствено достапно образование (различни маргинализирани, малцински групи и сл.)
- За возрасни со цел оспособување за работа, живот, општествени активности кои не подлежат директно на стандардизација и строги постапки на верификација
- За младите во младинските клубови, невладините организации, во слободните активности по училиште, на улица и сл.



И покрај позитивните карактеристики на неформалното образование (поддржува образование кое трае во текот на целиот живот, едукаторите имаат голема одговорност да им ја приближат темата и да ги заинтересираат учесниците, учењето е засновано на пракса и лично искуство, сите се вклучени, активни и мотивирани), сепак овој вид на образование се уште не е верификуван и признат од страна на поголемиот број на формални институции како легитимен облик на стекнување на квалитетно образование во општеството. Меѓутоа, и покрај ваквата состојба, неформалното образование постепено влегува и го завзема своето место во вредносниот систем на секој од нас.

**_Избери Образование !_**

## *Неформалното не е анти-формално*

Треба јасно да се каже дека цел на неформалното образование како и иницијативите за негово пошироко општествено препознавање, не е креирање на паралелен образовен систем, туку токму спротивното: да биде комплементарна поддршка на учењето што се случува во школските клупи. Благодарение на својата флексибилност, неформалното образование поседува можност за брзо прилагодување и одговор на општествените промени кои се случуваат во современиот свет. Затоа, во соработка со формалниот систем, неформалното образование значајно придонесува за остварување на европската визија на „општество базирано на знаење“!

*„Јас сум секогаш подготвен да учам, но не секогаш сакам да ме подучуваат.“*
*Винстон Черчил*

Информално образование е најмалку структурирано и се однесува на секојдневните искуства и лекции кое не се планирани или организирани (инцидентно учење). Информалното образование подразбира активности во кои учењето и развојот се случуваат преку искуствено учење. Лицето развива ставови, вештини и знаења од секојдневните искуства и други влијанија и извори од својата околина. Во тие активности, самостојно воспоставува контрола над процесот на учење, како и одговорност за резултатите од учењето. Меѓу овие три облици на образование не може да се повлече јасна граница. Неоспорно е дека во секој процес на учење, без оглед во колкава мера, се застапени формалното, неформалното и информалното учење.








## *Образованието на возрасните и доживотното учење*

*„Образованието е нешто што останува кога се друго што си учел на училиште си заборавил." - Алберт Ајнштајн*

**Доживотното учење е сенаменска активност на учење која се презема во текот на целиот живот на поединецот со цел да се подобрат знаењата, вештините и компетенциите, во рамките на личната, граѓанската, општествената и перспективата на вработување (дефиниција на ЕК).**

**Со подигнувањето на свеста за потребата за образование на возрасните, се родила идејата дека учењето би требало да трае доживотно. Поради тоа, потребен е систем на образование кој, во секој момент, на секој поединец без оглед на возраста или на професионалниот статус, ќе му овозможи прилика за стекнување на нови, разновидни и корисни знаења.**

Концептот на доживотно учење ги опфаќа и ги усклaдува различните облици на учење во текот на целиот човечки живот.
Тоа се: организираното учење (образование и развој) кое може да биде формално учење (школување) и неформално учење (курсеви, семинари, тренинзи од НВО или други институции за образование), како и неорганизираното или информалното учење.

Почетокот на 21-от век претставуваше почеток на ново доба – доба на натпревар во знаењата и учењето за земјите во Европа и светот. Беше постигнат општоприфатен консензус дека знаењето е основна производна сила во општеството и најсилен услов за успешност. Разликите во знаењето и неговата примена се во корелација со разликите според кои државите се делат на развиени или неразвиени, богати или сиромашни.



Заклучоците кои ги донесе Лисабонскиот совет посочија дека успешната транзиција кон економиите и општествата базирање на знаења мора да се темели на концептот на доживотното учење. Европските образовни системи и системите за обука мора да се претворат во јадро од кое ќе почнат промените, поради што и самите мора да се адаптираат.

Според Препораката на Европскиот парламент и на Советот од 18-ти декември 2006 година за клучни компетенции за доживотно учење, референтната рамка се состои од осум клучни компетенции:

- 1. Комуникација на мајчин јазик
- 2. Комуникација на странски јазици
- 3. Математички компетенции и основни компетенции во науката и технологијата
- 4. Компетенции од областа на информатичките технологии
- 5. Учење да се учи
- 6. Општествени и граѓански компетенции
- 7. Чувство за иницијатива и претприемништво
- 8. Културна свесност и изразување

Сите овие компетенции имаат за цел да го помогнат личното исполнување и развој во текот на целиот живот на поединецот (што претставува културен капитал), да овозможи активно учество на граѓанинот во општеството, т.е. да овозможи социјално вклучување (социјален капитал) и да овозможи секој поединец да добие квалитетно работно место (човечки капитал).




*Избери Образование !*

## *Образованието и пазарот на труд*

Во период на екстремно брзиот развој на индустријата, од образованието се очекува да ги следи промените и да реагира соодветно. Разбирливо е дека образовниот систем не е во состојба да се менува со иста брзина како индустријата, но она што може да го направи е да ги обучи учениците/студентите со вештини кои би им овозможиле брзо и лесно прилагодување кон новите услови на пазарот. Во денешната "економија заснована на знаење„ многу поважни од стручните знаења стануваат вештините, како: критичко мислење (способност да се научи како да се учи – т.е. спремност за континуирано учење), креативност и храброст.

*„Образованието не е подготовка за живот, образованието е самиот живот." -Џон Дјуи*

## *Најбарани вештини при вработување:*

- Комуникациски вештини
- Аналитички / истражувачки вештини
- Компјутерска / техничка писменост
- Странски јазици
- Менаџирање на приоритети
- Интерперсонални способности
- Вештини за водство
- Мултикултурна сензитивност
- Планирање и организација
- Решавање на проблеми / резонирање / креативност
- Тимска работа
- Работа под притисок и со рокови

## *Персонални квалитети потребни при вработување:*

- Чесност / Интегритет / Моралност
- Адаптибилност / Флексибилност
- Посветеност / Работливост / Работна етичност
- Точност / Спремност за работа / Одговорност
- Лојалност на фирмата
- Мотивираност / Енергичност
- Професионалност
- Самосвест / Доверливост
- Само-мотивираност / Способност за работа без супервизија
- Спремност за учење

Извори :

1. Неформалното образование во Република Македонија: состојби и перспективи, Младински културен центар – Битола, Битола 2009
2. Neformalno obrazovanje nevidljiva snaga drustva, Grupa "Hajde da…", Beograd 2003
3. Како до покавалитетно високо образование, Центар за истражување и креирање на политики, Скопје 2009
4. Водич за неформално образование www.no.net.mk
5. Youthpass guide 2009, www.youthpass.eu

**Младински**Културен
**Центар**-Битола



**Младински културен центар-Битола**
**ул. Цар Самуил 29 7 000 Битола**
**Е-пошта: mkcbt@t-home.mk**
**Веб: www.mkcbt.org.mk**

Центар за **ИНСТИТУЦИОНАЛЕН РАЗВОЈ** - ЦИРа

"Оваа брошура беше овозможена во рамките на програмата CIVICA Mobilitas имплементирана од ЦИРа и финансиски поддржана од SDC.
Овде наведените мислења се мислењата на авторот и нужно не ги рефлектираат мислењата на ЦИРа и SDC".

Schweizerische Eidgenossenschaft
Confédération suisse
Confederazione Svizzera
Confederaziun svizra

**Swiss Agency for Development and Cooperation SDC**